Врз основа на член 65, став (6) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15 и 39/16), Општина Центар Жупа, на ден 16.02.2021 година, донесе:

## Одлука за спроведување на стратегиска оцена

1. За планскиот документ **Урбанистички план за вон населено место за изградба на индустриска зона, КО Баланци, општина Центар Жупа**, што го донесува општина Центар Жупа, потребно е да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, во согласност со член 65 од Законот за животната средина.

2. Како органи засегнати од имплементацијата на планскиот документ **Урбанистички план за вон населено место за изградба на индустриска зона, КО Баланци, општина Центар Жупа** се определуваат: општина Центар Жупа, локални комунални претпријатија, Министерство за животна средина и просторно планирање, Министерство за економија, Дирекција за технолошки индустриски развојни зони, Југозападен плански регион, државни, јавни и приватни претпријатија, локални месни заедници, невладини организации.

3. За планскиот документ **Урбанистички план за вон населено место за изградба на индустриска зона, КО Баланци, општина Центар Жупа,** за чија изработка е одговорна општина Центар Жупа (понатаму доверено на КВАДАР ДОО Скопје), а го донесува советот на општина Центар Жупа, донесувањето на планскиот документ, **Урбанистички план за вон населено место за изградба на индустриска зона, КО Баланци, општина Центар Жупа** ќе има влијание врз животната средина.

4. Обемот на Извештајот за стратегиска оцена треба да ги опфати следните аспекти: **заштита на медиумите на животната средина (почва, води, воздух), управување со квалитет на амбиентен воздух, површински и подземни води, заштита на почви, заштита од бучава, употреба на земјиштето, управување со отпад, биолошка и пределска разновидност, социо-економски развој на општина Центар Жупа, население и човековото здравје.**

5. Одлуката заедно со формуларот за определување на потребата од спроведување на стратегиска оцена се објавува на интернет страната на општина Центар Жупа на следната веб адреса: https://merkezjupa.gov.mk/.

6. Против оваа одлука јавноста има право на жалба до Министерството за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од денот на објавување на одлуката на веб страната.

Датум: 16-02-2021 год.
Бр. 09-84/1
Место: Центар Жупа

**Општина Центар Жупа**
**Градоначалник**
**М-р Аријан Ибраим**